арх. бр. 23-5146

**Ве молиме да ни ги доставите следниве документи и информации:**

1. Колку средства имате предвидено во општински буџет за општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2018, 2019 и 2020 година одделно по години?
2. Колку средства имате потрошено за општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2018, 2019 и 2020 година одделно по години?
3. Колку средства општинскиот совет за превенција има побарано од општината согласно својатагодишна програма за работа, за реализирање на активности за 2018, 2019 и 2020 година одделно по години?
4. Колку од средствата потрошени за општинскиот совети за превенција на детско престапништво за 2018, 2019 и 2020 година одделно по години, се за надоместоци на членовите на советот (вклучувајќи хонорар, патни трошоци и друго)?
5. Колку од средствата потрошени за општинскиот совети за превенција на детско престапништво за 2018, 2019 и 2020 година одделно по години, се за спроведување на програмски активности согласно со годишните програми за работа на советот?
6. Колку средства имате потрошено за активности поврзани со примена на Законот за правда на децата, надвор од активностите реализирани преку општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2018, 2019 и 2020 година одделно по години?

7. Дали ваши вработени имаат учествувано на обуки поврзани со спроведување на Закон за правда на децата во 2018, 2019 и 2020 година, кој ги финансирал обуките, и доколку истите се на трошок на единицата на локална самоуправа колкав износ е потрошен?
8. Доколку немате основано локален совет, дали имате направено анализа колку би изнесувале трошоците за основање и работа во правата година на локалниот совет и колкав е тој проценет износ?
9. Колку средства (вклучително финансиски средства и материјални средства со проценета парична вредност) имате добиено од страна на домашни донатори во 2018, 2019 и 2020 година, поединечно по години, за активности согласно со Закон за правда за децата? Кои се најголемите три донатори?
10. Колку средства (вклучително финансиски средства и материјални средства со проценета парична вредност) имате добиено од страна на меѓународни донатори во 2018, 2019 и 2020 година, поединечно по години, за активности согласно со Закон за правда за децата? Кои се најголемите три донатори?
11. Колку средства (вклучително финансиски средства и материјални средства со проценета парична вредност)имате добиено од страна на приватни субјекти (трговски друштва) во 2018, 2019 и 2020 година, поединечно по години, за активности согласно со Закон за правда за децата? Кои се најголемите три донатори?
12. Дали имате соодветни интерни акти со кои се уредува буџетирањето на ставки поврзани со правда за децата и на кој начин се утврдуваат овие потеби? Доколку имате вакви акти, Ве молиме доставете ни копија.
13. На кој начин водите евиденција за добиени донации и на кој начин истите ги прикажувате во вашиот буџет и завршна сметка?
14. Дали за активностите за кои имате добиено донација имате учествувано и со сопствени средства (кофинансирање) и во колкав износ по години одделно за 2018, 2019 и 2020 година?
15. Дали активностите за кои имате добиено донација, е предвидено во вашите планови за работа да се спроведуваат и во иднина и да се финансираат со сопствени средства?
16. Согласно со предвидените активности, кои се приоритетни активности за кои ви се потребни донации и кој е проценетиот износ на средства за овие донации?

Ве молиме да ни ги доставете во хартиена или електронска форма следните документи:

- Буџетска пресметка (буџетско барање) за 2018, 2019 и 2020 година
- Буџет за 2018, 2019 и 2020 година
- Завршна сметка, за сите сметки за 2018, 2019 и 2020 година
- Годишна програма за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2018, 2019 и 2020 година

- Годишен извештај за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2018, 2019 и 2020 година
- Образец К1 за последниот квартал за 2018, 2019 и 2020 година на ниво на потставка.
- Завршна сметка за сите сметки за 2018, 2019 и 2020 година
- План за јавни набавки за 2018, 2019 и 2020 година со сите измени и дополнувања,
- Склучени договори за јавни набавки во 2018, 2019 и 2020 година, за набавки поврзани со програми кои произлегуваат од Законот за правда за децата и активности на општинскиот совет за превенција на детско престапништво

**Ве молиме бараните документи и информации**

1430 Кавадарци,
Република С.еверна
Македонија Тел. 043/
416-130 Факс 043/416-
130

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 23-5146/1 од 18.08.2021 година, а врз основа на прибавените информации, Во прилог Ви ги доставуваме следните податоци и тоа:

1.Во Општинскиот буџет за општинскиот совет за превенција на детско престапништво се предвидени:

- 30.000 денари за 2018 година,
- 30.000 денари за 2019 година,
- 30.000 денари за 2020 година.

2. Потрошени се:

- 30.000 денари за 2018 година,
- 30.000 денари за 2019 година,
- За 2020 не се потрошени предвидените средствата.

3. Советот за превенција секоја календарска година доставува Програма за работа до Советот на Општина Кавадарци во која е содржан и Проектот летен камп кој содржи финансиска рамка за потребните средства .(Ви го доставуваме во прилог)
4. Не се потрошени средства за надоместоци на членовите на советот.
5. За спроведување на програмски активности согласно годишните програми за работа на советот потрошени се :
   - 30.000 денари за 2018 година за учество на 6 дечиња во Проектот летен камп,
   - 30.000 денари за 2019 година за учество на 6 дечиња во Проектот летен камп,
   - За 2020 не се потрошни предвидените средствата.
6. За други активности немаме потрошено средства.
7.Вработени во Општина Кавадарци немаат учествувано на обуки поврзани со спроведување на Закон за правда на децата.
8.Не, бидејќи имаме основано Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци
9. Немаме добиено средства од страна на домашни донатори за активности согласно Законот за правда на децата.
10. Немаме добиено средства од страна на меѓународни донатори за активности согласно Законот за правда на децата.
11. Имаме добиено финансиски средства од приватни субјекти за

Арх.Бр. 23-5146/2

Дата:02.09.2021
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 1430 Кавадарци, Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130

активности согласно Законот за правда за децата и тоа:

- за Проектот Летен камп 2018
  - ДООЕЛ "Слога Пром"-Кавадарци има донирано 25500 денари за учество на 5 дечиња во Кампот
  - ДООЕЛ"Метал Апостолов" – Кавадарци има донирано 15300 денари за учество на 3 дечиња во Кампот
  - Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци има донирано 15300 денари за учество на 3 дечиња во Кампот
  - Друштво за трговија и услуги "Ас машини" ДООЕЛ - Кавадарци има донирано 10200 денари за учество на 2 дечиња во Кампот
  - Нотар Пане Нацев има донирано 5100 денари за учество на 1 дете во Кампот.
- за Проектот Летен камп 2019
  - ДООЕЛ "Слога Пром"-Кавадарци има донирано 25500 денари за учество на 5 дечиња во Кампот
  - Здружение на граѓани „Ротари Клуб" Кавадарци Кавадарци има донирано 25500 денари за учество на 5 дечиња во Кампот
  - "Ми комерц" има донирано 5100 денари за учество на 1 дете во Кампот
  - Друштвото за градежништво и трговија "Градба Промет" ДОО Кавадарци има донирано 10200 денари за учество на 2 деца во кампот
- Во 2020 не се реализира Проектот летен камп и немаше потреба од донации.

ДООЕЛ "Слога Пром"-Кавадарци и Здружение на граѓани„Ротари Клуб" Кавадарци се најголеми донатори.

12. Со одлука на совет се утврдуваат предвидените средства за секоја година поединечно
13. Донаторите вршат плаќање директно во одмаралиштето каде што се одржува Летниот камп.
14. За активностите за кои имаме добиено донација, немаме учествувано со сопствени средства ( кофинансирање).
15. Во плановите за работа не е предвидено активностите за кои имаме добиено донација да се финансираат со сопствени средства.
16. Заради ситуацијата со пандемијата активностите на Општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво се во мирување.

Буџетите на Општина Кавадарци може да ги најдете на официјалната веб страница на Општина Кавадарци на следниот линк : https://kavadarci.gov.mk/sluzhben-glasnik/ , и тоа:

- Буџет на Општина Кавадарци за 2018 година - Службен гласник бр. 5 на Општина Кавадараци 29.12.2017 година.
- Буџет на Општина Кавадарци за 2019 година - Службен гласник бр. 30 на Општина Кавадараци од 27.12.2018 година.
- Буџет на Општина Кавадарци за 2020 година - Службен гласник

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

бр. 49 на Општина Кавадараци од 25.12.2019 година.

Годишните сметки на Буџетот на Општина Кавадарци може да ги најдете на официјалната веб страница на Општина Кавадарци објавени во службен гласник на Општина Кавадарци и тоа:

-Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година Службен гласник бр. 33 на Општина Кавадараци од 15.03.2019 година.

- Годишна сметка на Буџет на Општина Кавадарци за 2019 година Службен гласник бр. 52 на Општина Кавадарци од 17.03.2020 година.

-Годишна сметка на Буџет на Општина Кавадарци за 2020 година Службен гласник бр. 70 на Општина Кавадарци од 15.03.2021 година.

Програмата за работа на Општинскиот совет за малолетничко престапништво на територијата на Општина Кавадарци за 2018, 2019 и 2020 година, Ви ги доставуваме во прилог.

Извештајот за работа на Општинскиот совет за превенција на град Кавадарци за 2018, 2019 и 2020 година, Ви ги доставуваме во прилог.

Образец К1 за последниот квартал за 2018 година - Службен гласник бр. 31 на Општина Кавадараци 04.02.2019 година.

- Образец К1 за последниот квартал за 2019 година – Ви доставуваме во прилог.

Образец К1 за последниот квартал за 2020 година – Ви доставуваме во прилог.

Годишни планови за јавни набавки за 2018, 2019 и 2020 година– се објавени на официјалната веб страница , преку следниот линк https://kavadarci.gov.mk/read/nabavki/godishen-plan/

Арх.Бр. 23-5146/2

Дата:02.09.2021

Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 1430 Кавадарци, Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130